Друштво: **Мермерен Комбинат АД Прилеп**
Период на известување: **01.01 - 30.09**
Година: **2026**
Извештајот е консолидиран: **не**

Биланс на успех

(Извештај за сеопфатна добивка)

Податоците се во 000 денари

Р.Б.	Позиција	Претходна година	Тековна година	Индекси
		кумулативно од почетокот на годината	кумулативно од почетокот на годината	во однос на претходна година
1	Приходи од продажба	1.391.055	796.670	57
1а	*Приходи од продажба на домашен пазар*	20.183	17.617	87
1б	*Приходи од продажба на странски пазар*	1.370.872	779.053	57
2	Трошоци на продадени производи и услуги	589.932	401.938	68
3	**БРУТО ДОБИВКА**	**801.123**	**394.732**	**49**
4	Административни трошоци	54.363	54.432	100
5	Трошоци за продажба и маркетинг (дистрибуција)	83.239	49.909	60
6	Резервирања за трошоци и ризици	0	0	0
7	Останати оперативни приходи	7.776	1.308	17
8	Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства и останати оперативни расходи	1.580	4.687	297
9	**ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА**	**669.717**	**287.012**	**43**
10	Финансиски приходи	15.539	6.385	41
10а	Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики	15.491	6.384	41
10б	Останати приходи од финансирање	48	1	2
10в	Удел во добивката на придружените друштва	0	0	0
11	Финансиски расходи	14.175	4.285	30
11а	Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи	14.117	4.284	30
11б	Останати расходи од финансирање	58	1	2
11в	Удел во загубата на придружените друштва			0
12	**Добивка/ загуба од редовно работење**	**671.081**	**289.112**	**43**
13	Добивка/ загуба од прекинато работење пред оданочување			0
14	**Добивка/ загуба од редовно работење пред оданочување**	**671.081**	**289.112**	**43**
15	Данок од добивка	-70.157	-31.547	0
16	**Нето добивка/загуба по оданочување**	**600.924**	**257.565**	**43**
17	Малцински интерес			0
18	**Нето добивка/загуба која им припаѓа на акционерите на друштвото**	**600.924**	**257.565**	**43**
19	Нето останата сеопфатна добивка/загуба			0
20	**Вкупна сеопфатна добивка/загуба**	**600.924**	**257.565**	**43**

Анализа на оперативната добивка/загуба по природата на трошоците

Р.Б.	Позиција	Претходна година	Тековна година	Индекси
		кумулативно од почетокот на годината	кумулативно од почетокот на годината	во однос на претходна година
1	Приходи од продажба	1.391.055	796.670	57
2	Останати оперативни приходи	7.776	1.308	17
3	Промени на залихите на готови производи и производството во тек	-16.312	155.435	0
4	Набавна вредност на трговски стоки	0	2.391	0
5	Трошоци за суровини и други материјали	206.983	224.755	109
6	Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	273	286	105
7	Услуги со карактер на материјални трошоци	89.704	57.348	64
8	Останати трошоци од работењето	90.025	61.756	69
9	Трошоци за вработените	223.944	220.475	98
10	Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	100.273	94.694	94
11	Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства			0
12	Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства	1	1	100
13	Резервирања за трошоци и ризици			0
14	Останати расходи од работењето	1.599	4.695	294
15	**ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА / ЗАГУБА**	**669.717**	**287.012**	**43**

MERMEREN
Kombinat

Образложение

кон финансиските резултати за период 01.01.2026 – 30.09.2026 година

Во текот на третиот квартал од 2026 година продолжи влијанието на неповолните геополитички и глобални макроекономски фактори, кои и натаму значително ги нарушуваат клучните извозни пазари на кои оперира Друштвото.

1. Пазарни движења и приходи од продажба

- **Вкупни приходи:** Во периодот од 01.01 до 30.09.2026 година, Друштвото забележа намалување на вкупните приходи од продажба за 42,8% во споредба со истиот период од претходната година.
- **Странски пазари:** Доминантниот дел од падот произлегува од меѓународните пазари, каде продажбата бележи намалување од 43,2%. Ова е директна последица на континуираната стагнација во кинескиот градежен сектор и намалената инвестициска активност, што доведе до значително редуцирање на нарачките од купувачите од Кина. Дополнителен товар создаде и воениот конфликт во Заливот преку растот на цените на енергенсите, што резултираше со натамошни одложувања во финансирањето на капитални инфраструктурни и комерцијални проекти.
- **Домашен пазар:** Продажбата на домашниот пазар покажа релативна стабилност, бележејќи пад од 12,8%.

2. Оперативна ефикасност и прилагодување на капацитетите

- **Оптимизација на работењето и трошоците:** Како одговор на пазарните притисоци, Друштвото продолжи со мерките за оптимизација на оперативната структура и усогласување на трошоците со тековните пазарни услови. Во таа насока, се продолжи со рационализација на оперативните трошоци, пред сè преку намалување на трошоците за надворешни услуги, додека производствените активности беа привремено прилагодени со цел да се даде приоритет на искористување на постојните залихи, при што нивото на работна сила беше соодветно коригирано за приближно 10% (главно преку природен истек на договорите за вработување на определено време).